ИНСТИТУТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН на ИНСТИТУТОТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

2023-2025

## Што правиме, во што веруваме

*Мисија:* За подобра комуникација меѓу луѓето. / For better communication among people.

ИКС е македонски институт за истражување и едукација кој работи на зголемување на знењето за подобра комуникација меѓу луѓето. ИКС спроведува научни и применети истражувања, едукативни програми, информативни активности и застапување во областа на комуникациските науки и медиумската писменост и политика.

Ние веруваме дека слободата на изразување и говор, како и критичкото разбирање и одговорното користење на современите информациско-комуникациски можности се основа за демократски развој и стабилност на општеството.

Нашата цел е поголема информираност во општеството и јакнење на меѓусебното разбирање и доверба во одлучувањето за општото добро преку поттикнување на медиумската писменост на индивидуите, транспарентноста на институциите, јасното комуницирање на науката без девалвирање, и професионалното известување од медиумите.

## Растечка потреба од подобра комуникација

> Информациски хаос – лавиринт од дезинформации, пропаганда и шпекулации со или без намера за измама и доведување во заблуда, од безброј различни извори, во разновидни формати, во сите области и на сите нивоа.

Информацискиот хаос, овозможен со брзиот напредок на информатичко-комуникациските технологии, е главно обележје на денешницата, со безброј последици врз индивидуалниот и општествениот живот.  Опкружени сме со дезинформации, пропаганда и шпекулации од безброј различни извори, во разновидни медиумски формати, во сите области и на сите нивоа, кои ја поткопуваат довербата во институциите и медиумите, ги поттикнуваат поделбите во општеството и го загрозуваат здравјето и животот на луѓето.

Искуството на ИКС покажува дека недостигаат знаења, ресурси и волја за системски одговор на овој проблем, но и знаења и вештини на индивидуално ниво за информирано одлучување од страна на граѓаните врз основа на факти и за одговорно комуницирање. Сметаме дека е неопходно:

- Луѓето да учат безбедно да наоѓаат и да препознаваат веродостојни наспроти манипулативни информации, критички да ја анализираат реалноста и да ги користат информациите, и одговорно да креираат медиумски содржини и да се вклучуваат во јавниот дискурс.
- Да се поттикнува етичко комуницирање меѓу сите чинители, без манипулации, говор на омраза, предрасуди и стереотипи.

- Научните факти и знаења едноставно и јасно да се претставуваат на јавноста, без девалвирање.
- Професионалците по комуникации и новинарите постојано да држат чекор со промените во информациско-комуникациската сфера и со начините на верификување на информациите во се‘ посложеното окружување.
- Граѓаните, медиумите и академијата здружено да настапуваат за поголема транспарентност на јавните институции и за градење на систем кој соодветно ќе одговори на дезинформациите и другите манипулативни медиумски содржини.
- Да се поттикнува клима на носење на одговорни и одржливи општествени политики врз основа на факти и широки јавни консултации.

***Визија:*** ИКС да биде неприкосновен истражувачки и образовен центар кој воведува иновативни и интердисциплинарни пристапи за комуникации, медиумска писменост, новинарство и застапување на Балканот. / Be the unrivaled research and educational center that introduces innovative and interdisciplinary approaches to communication, media literacy, journalism and advocacy in the Balkans.

## ФОКУС НА РАБОТЕЊЕТО: 2023 - 2025

Во следните три години, приоритет на ИКС ќе биде остварувањето на висок квалитет и одлични резултати преку започнатите програмски активности за медиумска писменост, справување со дезинформации и транспарентност на институции. Иако од помал обем, не помало значење имаат и проектите за комуницирање на науката и професионално новинарство. Дополнително, ќе се работи на развој на истражувачката дејност на ИКС за комуникации, медиумска писменост, медиуми, новинарство и јавен интерес. Преку овие програми ќе се обезбедат обуки и информативно-едукативни содржини за јавноста, со посебен фокус на млади и ранливи групи, со цел развивање на нивните вештини за критичко размислување и комуницирање и овозможување на нивно конструктивно учество во јавниот живот. Европската интеграција на Македонија, животната средина и климатските промени се клучни прашања од јавен интерес на кои ИКС ќе посвети посебно внимание во следниот период.

Во учебната 2022/2023 година ќе се спроведуваат само веќе започнатите магистерски студии од претходната година, како и неформалните образовни програми. Нема да има нови уписи за магистерски студии оваа година поради тоа што процесот на добивање на решение од институциите за почеток со работа на студиската програма беше неизвесен. За следните учебни години ИКС ќе донесе одлука дополнително врз основа на следење и оценка на ситуацијата, имајќи предвид дека се во тек и измени на Законот за високо образование.

Потпирајќи се првенствено на капацитетите на вработените, ИКС ќе ја прошири и мрежата на надворешни соработници и партнерски организации и медиуми за да обезбеди интердисциплинарност и висок квалитет во работењето во следниот период. За таа цел ќе ги развива внатрешните капацитети за истражување, ќе ја зајакне и ќе ја прошири соработката со меѓународни партнери, и ќе ја зајакне функцијата на мониторинг и оценување на резултатите на организациско ниво.

## Кои сме, каде работиме и како ќе ги оствариме резултатите

ИКС е македонска непрофитна приватна научно-истражувачка организација основана во 2012 година. Таа има статус на научна установа од областа на општествените и хуманистичките науки кој го доделува Министерството за образование и наука на Република Македонија. Исто така, има акредитација за едногодишни и двегодишни магистерски студии по Менаџирање на стратегиски комуникации и Медиумски менаџмент. ИКС е носител на повелбата ЕРАСМУС+ на високообразовни институции во Европа и е вклучен во ЕРАСМУС+ партнерства со меѓународни организации и универзитети.

Тимот на ИКС, составен од истражувачи, професори, програмски и административен персонал вклучува македонски професионалци, како и професори од странство. Со меѓусебно почитување на потребното време и одговорност за извршување на обврските тие истражуваат потреби и нудат решенија, креираат креативни образовни програми и медиумски содржини, и се застапуваат за заштита на слободата на изразување, слободата на медиумите и јавниот интерес. Тие водат грижа за потребите на ранливите групи во доменот на комуникации и јавен интерес, и остваруваат соработка со медиуми, граѓански организации и други партнери во Македонија и пошироко.

Тимот на ИКС е целосно посветен на квалитетно и ефективно остварување на мисијата на ИКС и свесен дека локалните решенија на глобални проблеми се можни преку меѓународна соработка и заедничко учење. Затоа, тимот гради партнерства за научни истражувања и образование и се вклучува во иницијативи за заштита на јавниот интерес не само во Македонија, туку и на Балканот и пошироко.

## Пристап

*Одговорно комуницираме:* Фокусирани сме на изнаоѓање долгорочни решенија за општествените проблеми, комуницирајќи отворено, аргументирано и почитувајќи етички принципи.

Градиме *доверба*: Одлуките ги носиме транспарентно со нашите партнери, а преземените обврски ги исполнуваме во целост.

*Професионалност:* Обезбедуваме квалитет, ефикасност, навремено прилагодување на новите технологии и мерливи резултати.

Се застапуваме за *еднаков третман и еднакви можности* за сите. ИКС подеднакво ги третира општествените прашања без оглед на политичките и други центри на моќ, и дава еднакви можности за изразување и учество на сите засегнати страни. Посебно внимание посветува на поттикнување на учеството на помалку застапените групи во јавниот живот, вклучувајќи ги жените, младите и пензионерите.

Постојано сме во потрага по *иновативни и интердициплинарни* концепти кои подобро ги решаваат современите проблеми.

*Ентузијасти* сме за подобрување на општествената благосостојба.

НАСОКИ И ЦЕЛИ: 2023-2025

***Стратешка насока 1: Зајакнување на медиумската писменост на јавноста и ранливите групи со цел справување со дезинформации, информирано одлучување и одговорно комуницирање.***

Достапноста на информации преку интернет го олеснува донесувањето на одлуки за личниот и општествениот живот. Но, интернетот го олеснува и пласирањето на лажни информации и вести со кои се манипулира јавноста и се поттикнуваат процеси кои штетат и на личниот и на јавниот интерес. ИКС ќе ја искористи својата експертиза и постојано ќе ја надградува за да придонесе кон развој на критичка и активна јавност - *јавност која знае како да препознае веродостојни информации и вести, но и да креира и споделува медиумски содржини на одговорен и етички начин, притоа користејќи ги предностите на дигиталната технологија и мрежи.* ИКС ќе спроведува истражувања и едукативни програми за медиумска писменост со воведување на нови пристапи и со грижа за најранливите категории на граѓани.

| Резултати: 2020 - 2022 | Цели: 2023 – 2025 |
|---|---|
| Во изминатиот период започнаа два големи проекти („Користи факти“ финансиран од Британската амбасада во Скопје и „Младите размислуваат“ финансиран од УСАИД) насочени кон зголемување на медиумската писменост на јавноста и на ранливи групи, и нивно справување со дезинформации. Активностите ќе се спроведуваат до крајот на овој стратешки план.<br><br>Од април 2022, ИКС е избран за претседавач на *УНЕСКО Катедрата за писменост за* | ***1. Зајакната отпорност на јавноста и ранливите групи кон дезинформации преку проектот „Користи факти“.*** Преку користење на платформите на ИКС (Само прашај, Рес публика, Дома,и Медиум) и соработка со различни партнерски медиуми проектот ќе креира новинарски стории, истражувања, ресурси за обука и едукација, и ќе спроведува кампањи за зголемување на свесноста, за да граѓаните:<br>• Можат да препознаваат дезинформации, критички оценувајќи ги нивните извори, мотиви и ефекти.<br>• Имаат зголемен пристап до веродостојни вести и информации за прашања од јавен интерес кои се подложни на дезинформации (пр., ЕУ интеграција, животна средина, климатски промени, итн.) |

| | |
|---|---|
| *иднината и на медиумската и информациската писменост* во Македонија.<br><br>Проектот „Поврзи ги точките“ финансиран од Британската амбасада во Скопје ја зголеми информираноста за прашања од јавен интерес давајќи простор за различни ставови, покренувајќи теми кои беа маргинализирани во медиумите, и помагајќи тие да останата главни во медиумското известување. Дополнително, проектот поттикна комуникација и соработка меѓу граѓанскиот сектор, медиумите, академијата, и јавните институции за подобро владеење. Проектот нуди добри модели за информираност на граѓаните и градење на доверба за добро управување (на пр. неформална алијанса со различни партнери, партнерства со медиуми, олеснување на комуникацијата помеѓу граѓаните и јавните институции преку Само Прашај) кои може да се адаптираат и применат за различни тематски области во иднина. | Во соработка со медиуми-партнери, проектот исто така ќе спроведува мали кампањи за зголемена транспарентност и отчетност на јавните институции во врска со конкретни прашања од јавен интерес, за на тој начин да се ограничи просторот за манипулативни информации. Кампањите ќе применуваат разновидни алатки, вклучувајќи новинарски стоции и други продукти, како и ангажирање на граѓаните кога е потребно и применливо.<br><br>***2. Зголемена интеграција на медиумската писменост во високото образование и педагошка обука, и повисок квалитет и релевантност на медиумски содржини за и од млади.*** Оваа цел ќе се реализира примарно преку проектот „Младите размислуваат“, но и други проекти:<br><br>2.1. „Младите размислуваат“: ИКС ќе ги ангажира младите во најсовремени истражувања на информацискиот простор, како и стратегии за навигација во овој простор. ИКС ќе спроведува базични и тековни истражувања за медиумската писменост меѓу младите, ќе го надгради високото образование за да вклучува компетенции на медиумска писменост, и ќе ја предводи работата со медиумите за да има повеќе и подобри содржини за и од млади.<br><br>2.2. Во соработка со партнери од Финска и Италија, ИКС ќе развива оперативни едукативни модели за иновативни активности за медиумска писменост кои ќе можат да се споделуваат и прошират успешно во различен културен, национален и лингвистички контекст. Проектот ќе понуди тестирани инструменти и ресурси за сите кои се бават со едукација за медиумска писменост и за младите како активна публика, со фокус на инклузивност, креативност и ангажирање. Така проектот ги надополнува останатите |

| | |
|---|---|
| Средношколците и наставниците ја гледаат веб платформата на ИКС: „Медиум“ како место на кое можат да ги изразат своите ставови и од кое можат да добијат веродостојни информации за содржини кои ги интересираат младите.<br><br>Проектот на ИКС „Локална акција за подобри политики за заштита на животната средина (SHAPE)“, финансиран од Европската комисија, понуди ефективен модел на ангажирање на младите за поздрава и почиста животна средина. Со обуки и менторство од ИКС, во соработка со граѓански организации и училишта, тие спроведуваа кампањи преку кои остварија резултати (чистење на градежен отпад од клисурата Демир Капија, чистење на сметот во Битола и Струга, тестирање на еколошко отстранување на гроздовиот молец за заштита на лозјата, итн.).<br><br>Почнувајќи од јануари 2021 година, Мрежата за разновидност на известување 2.0 во Западен Балкан во соработка со Институтот за различности од Лондон, со поддршка од | активности на ИКС и други организации кои пристапуваат на медиумската писменост со поинаков фокус (отпорност на дезинформации, и свесност и анализа на медиумски содржини). ИКС ќе го користи искуството од работењето со младите од проектот SHAPE преку кој младите учеа како да спроведуваат јавни кампањи за да влијаат на подобрување или решавање на одредени локални проблеми во животната средина.<br><br>2.3. Платформа на ИКС за медиумска писменост „Медиум“ – да се трансформира платформата во извор на информации и едукативни содржини за медиумска писменост за сите целни групи, задржувајќи посебен фокус на млади.<br><br>***3. Продолжување на добрата соработка во Мрежата за разновидност на известување 2.0 во Западен Балкан и успешно завршување на проектот за поттикнување позитивен медуимски дискурс во однос на различностите.*** До крајот на март 2024, проектот ќе продолжи со мониторинг на говор на омраза во медиумските содржини и креирање на ресурси и аргументи за поинклузивни медиуми и политики за толеранција на национално и регионално ниво.<br><br>***4. УНЕСКО Катедрата на ИКС за писменост за иднината и на медиумската и информациската писменост да биде модел за промовирање на инклузивно општество засновано на знаење, како и на можности за образование и доживотно учење со фокус на поврзување на медиумската и информациската писменост со писменоста за иднината.*** Катедрата на УНЕСКО ќе ги нагласи прашањата за справување со дезинформации и други манипулативни информации, дигитално граѓанство, комуникациски права и слободи, трансформација на медиумите, учество на |

| | |
|---|---|
| Европската унија, ИКС и партнерските организации вршат мониторинг на медиумски содржини кои содржат говор на омраза. Во јули 2022 година, ИКС го објави истражувањето за говор на омраза во Македонија во 2021 година, произлезено од мониторингот на случаи со говор на омраза. | јавноста, и равој на медиумски и образовни политики. Таа ќе ја олесни соработката меѓу истакнати, меѓународно признаени истражувачи и наставниот кадар на ИКС и други институции од Македонија и од други земји во Европа и пошироко. |

***Стратешка насока 2: Развој на силна програма за комуникација на науката за да се овозможи знаење на јавноста и ранливите групи за дезинформации, климатски промени и други прашања од јавен интерес.***

Науката има обврска да ги истражува и јавно да ги комуницира општествените промени посебно во делот на влијанието на медиумите во креирањето ставови на граѓаните, политичката пропаганда, манипулацијата и спинингот како алатки на политичките партии, влијанието на економските центри на моќ врз медиумската агенда, дезинформации, псевдо настани, пропагандни техники, итн. Со социјалните медиуми и создавањето на 24-часовен циклус на вести каде политичките партии, владините институции и големите компании стануваат медиуми без етички новинарски правила, станува исклучително важно да се комуницираат овие промени и тенденции,  да се едуцира јавноста за комуникациските пристапи и влијанието врз поединците и врз политките. Затоа *Комуницирањето на науката* е исклучително важна дисциплина, посебно во време на големи политички, безбедносни, економски, здравствени, еколошки и други промени (на пр. ковид 19, се՛ поинтензивните климатски промени, воени конфликти, итн.). Во следниот период ИКС, уште повеќе ќе работи на претставување на *Комуницирање на науката* и  на реализација на оваа дисциплина преку својата работа. Целта е да придонесеме кон градење на научната мисла, но и кон комуницирање на научните резултати на вистински начин со јавноста во Македонија и пошироко во соработка со европски партнери.

| Резултати: 2020 - 2022 | Цели: 2023 – 2025 |
|---|---|
| Во декември 2021 започна Еразмус проектот за неформална наставна програма во високото образование за комуникација за | ***1. Ефективно да се спроведе Еразмус проектот за неформална наставна програма во високото образование за комуникација за животната средина.*** |

| | |
|---|---|
| животна средина. Наставната програма е во финална фаза на подготовка, уписите се во тек, а спроведувањето на програмата ќе започне во јануари 2023. Превиден е упис на 100 студенти од 5 земји.<br><br>Во рамки на проектот „Младите размислуваат“, од јуни 2022, ИКС го издава журналот за медиуми и комуникации „Каирос“. Тоа е меѓународно научно списание наменето за академската и стручната јавност, посветено на актуелните прашања и идните трендови и случувања во медиумските и во информациските студии, медиумската писменост, како и нивните социолошки, психолошки, политички, јазични и технолошки аспекти.<br><br>Во септември 2021, во делот на комуникација на научни податоци и резултати, ИКС се вклучи во истражувачки проект *„Регенеративен урбан светилник – UPSURGE“UPSURGE“* за природни решенија за ублажување на ефектите од климатските промени во градовите, кои ќе опфаќаат комбинација од дигитален систем, паметни технологии, ресурси и одржливи модели. | ***2. Да се прошири програмата за комуникација на науката преку 1-2 нови проекти, воведувајќи нови концепти и продукти и во рамки на тековни проекти соодветно на потребите.*** За поголема ефикасност, пред донесување на одлука за развој на нови продукти за општо добро во Македонија, ИКС ќе истражува дали некаде веќе се развиени такви или слични продукти од специјализирани организации, институти, итн., и ќе се обиде да воспостави соработка за користење на тие продукти доколку се релевантни и корисни за локалните потреби. На пр., преку проектот „Користи факти“, за објаснување на прашања поврзани со дезинформации, ИКС ќе користи едукативна игра Cranky Uncle (https://crankyuncle.com/) која е развиена од научникот Џон Кук од австралискиот Монаш универзитет, во соработка со креативната агенција Goodbeast. Преку хумор и цртани филмови, играта развива критичко размислување за дезинформации, објаснувајќи дека има пет начини на ширење на дезинформации (теории на заговор, псевдо-експерти, невозможни очекувања, посакуван избор, и логички заблуди). Преку одговор на прашањата, кои се засновани на добро истражени реални ситуации, корисникот учи точно да ги детектира тие начини.<br><br>***3. Ефективно исполнување на обврските во рамки на истражувачкиот проект „Регенеративен урбан светилник – UPSURGE“*** за природни решенија за ублажување на ефектите од климатските промени во градовите, заедно со 22 партнери од Европа, ИКС ќе учествува во претставувањето на решенијата кои ќе бидат тестирани во неколку европски градови и преку симулации. Со проектот ќе се создаде референтна мрежа на знаења, практики и тестирани природни решенија кои ќе можат да се применуваат пошироко во Европа согласно на локалните услови.<br><br>***4. Подобрување на стандардите во медиумите и новинарството, преку истражувања, образовни програми, креирање на медиумски содржини и партнерства со медиумите за новинарство од јавен интерес и комуницирање на науката***. Ќе се развиваат новинарски студии (кратки програми), вклучувајќи и еко-новинарство преку програмата Еразмус или други можности. Веќе е во подготовка |

| | |
|---|---|
| Добиени се два нови проекти преку кои ИКС ќе работи на обезбедување на информации до јавноста за теми поврзани со: а) ризикот од земјотреси и ерозија на земјиштата, и б) стручното образование. Овие активности се дел од пошироки регионални проекти кои ги спроведуваат Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, и Комората на занаетчии од Македонија. | концепт за science journalism кој ќе се испрати до европската мрежа за еколошко новинарство.<br><br>***5. Комуницирање на сеизмичките ризици и резултатите на проектот Интегративно зајакнување на свесноста за сезимичките ризици***, кој го спроведува Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) до декември 2024. Целта на проектот е да ја подигне свесноста на институциите, здравствените власти, училиштата и локалната заедница во пограничниот регион на Македонија, Албанија и Грција за ризикот од земјотреси и секундарниот ризик од ерозија на земјиштата.<br><br>***6. Во партнерство со коморите на занаетчии на Македонија, Хрватска и Словенија, до крајот на мај 2024, ИКС ќе работи на промоција на стручното образование*** со цел да се подигне атрактивноста на овие програми, а со тоа и враќање на стариот сјај на занаетчиството. |

*Стратешка насока 3: Зајакнување на клучните функции на ИКС за постигнување на висок квалитет и одлични резултати.*

Од основањето до сега, работењето и ресурсите на ИКС се во постојан пораст. ИКС се’ повеќе станува партнер кој може да реализира поголеми и поопсежни проекти, што повлекува и промени во структурата и бројот на вработени. Тоа пак бара и промени на досегашните системи на функционирање, посебно од апсект на поструктурно следење и оценување на резултатите на ниво на организација, како и споделување на научените лекции со цел тековно подобрување на работењето и развој на креативни програми кои одговараат на потребите.

| Резултати: 2020 - 2022 | Цели: 2023 – 2025 |
|---|---|
| Спроведувани се 10 проекти, од кои 5 успешно завршени, останатите се во тек. Се | 1. Проширување на неформалните едукативни програми како одговор на растечките потреби за комуникации и новинарство во областа на јавен интерес, животна средина и климатски промени. Овие неформални програми ќе се развиваат примарно како |

| | |
|---|---|
| оствариja предвидувањата за интересот за магистерските студии, и во учебните години 2020/2021 и 2021/2022 се запишале вкупно 29 студенти (по 14-15 годишно). Процесот на добивање на дозвола за студиската програма 2022/2023 беше неизвесен и се заврши доцна, па за оваа учебна година ИКС не запишуваше студенти.<br><br>Се спроведоа две неформални студиски програми (претприемништво и иновативен менаџмент, и дигитални комуникации и маркетинг) во соработка со високо-образовни институции од други земји преку Еразмус програмата на ЕУ, кои вклучија по околу 150-200 студенти од сите земји. Програмата за дигитални комуникации и маркетинг е делумно интегрирана во магистерските студии, а може да фукнционира и како засебна програма.<br><br>Просечно годишно остварени се нерестриктивни средства од околу 45.000 евра преку магистерските студии (околу 30.000 и преку услуги (околу 15.000 евра). | интердисциплинарни студии во соработка со високо-образовни институции од други земји преку програмата Еразмус. Да се анализира законската регулатива од аспект на тоа дали постојат ограничувања за доделување на ЕКТС преку неформалните студиски програми доколку не се продолжи со магистерските студии.<br><br>2. Привремено запирање на магистерските студии во учебната 2022/2023 и нивно потенцијално продолжување од следната учебна година зависно од условите и измените на законската регулатива. Ќе се истражуваат и можности за развивање на дупла и/или заедничка диплома.<br><br>3. Проширување и продлабочување на соработката со академски институции, медиуми и други чинители во земјата и надвор од неа за да обезбеди интердисциплинарност и повисока ефективност во работењето.<br><br>4. Развој на истражувачка програма за комуникации, медиумска писменост, медиуми, новинарство и јавен интерес, која ги поддржува и ‘учи‘ од програмите на ИКС за едукација и застапување. Вклучувањето на применети и акциски истражувања во рамки на неистражувачки проекти ќе остане главен начин на обезбедување на релевантни и веродостојни податоци и за реализација на мисијата на ИКС. Истовремено, ќе се следат и идентификуваат можности за вклучување на ИКС во истражувачки проекти преку ЕУ програмата Хоризонт, примарно како партнер за комуницирање на науката, но и како партнер за истражување во области поврзани со работењето на ИКС. Квалитетното и ефективно извршување на обврските на ИКС во рамки на тековниот проект UPSURGE преку Хоризонт, кој ќе се спроведува до крајот на август 2025, ќе биде основа за позиционирање на ИКС како солиден партнер за оваа програма. |

| | |
|---|---|
| Остварена е соработка со над 50 организации и медиуми во Македонија и Балканскиот регион за реализација на кампањи, едукативни активности и креирање на медиумски содржини.<br><br>Истражувањата во изминатиот период генерално се одвиваа согласно на очекувањата, преку учество во истражувачки проекти во рамки на европската програма за истражувања и иновации Хоризонт и програмата за образование Еразмус+, како и преку истражувања во рамки на проекти со други програмски намени. Беа спроведени истражувања поврзани со заштита на јавниот интерес во областа на управување со природни ресурси и со медиумската писменост. | 5. Развој на посеопфатен, конзистентен систем за следење и оценување на резултатите на организациско ниво, кој е интегриран во клучните процеси на работењето. Посебно внимание ќе се посвети на примена на алатки и пристапи кои одговараат на потребите, времето за нивна примена и ресурсите на организацијата. Фокусот ќе биде на оценување на медиумската писменост на целните групи, и методи и алатки за мапирање и оценување на влијанието на дезинформациите.<br><br>6. Овозможување на континуиран професионален развој на вработените преку можности во рамки на конкретни проекти, но и преку обезбедување на средства од програмата мобилност на Еразмус + Мобилност за учење на поединци.<br><br>7. Најмалку 30% пораст на нерестриктивни средства од услуги (советодавни, едукативни и продукциски), и одржување на нивото на приходи од магистерските студии зависно од нивното продолжување. |